# ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ПОДАТОЦИ

## Значење на употребените изрази:

**Македонско кредитно биро АД Скопје** е акционерско друштво, кое врши собирање и обработување на податоци за обврските на субјектите, со цел да обезбеди извештаи за задолженоста и редовноста во исполнувањето на обврските од страна на Субјектот на податоците.
**Субјект на податоци** е секое домашно или странско правно или физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци.
**Давател на податоци** е секое лице кое доставува податоци за обврските на правни и физички лица до Македонското кредитно биро.
**Корисник на податоци** е лице кое ги користи извештаите од Македонското кредитно биро.
**Извештај** е документ во писмена или електронска форма, изготвен од страна на Македонското кредитно биро, врз основа на собраните податоци за обврските на Субјектите на податоци.
**Досие** се сите податоци за поединечен Субјект на податоци што се евидентирани и задржани од страна на Македонското кредитно биро, без оглед на формата во која се чуваат податоците.

## Општи информации:

- Македонското кредитно биро своето работење го уредува врз основа на Закон за кредитно биро („Сл. весник на РМ“ бр. 81/2008 година).
- Македонското кредитно биро со Давателите на податоци потпишува Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со собирањето и доставувањето на податоците за Субјектите на податоци. Со Давателите на податоци кои се истовремено и Корисници на податоци, во овој Договор се регулира и користењето на податоците од Македонското кредитно биро .
- Со потпишување на Договорот, Давателите на податоци стануваат Членки на Македонското кредитно биро.
- Македонското кредитно биро ги објавува на својата јавна интернет страна Членките и видот на податоците што тие ги доставуваат.
- Дирекцијата за заштита на личните податоци врши надзор над работењето на Македонското кредитно биро во делот на заштитата на личните податоци и дава согласност на негови акти во делот на заштитата на личните податоци.

## ЗА ДАВАТЕЛИТЕ И ПОДАТОЦИТЕ ШТО ГИ ДОСТАВУВААТ

- Даватели на податоци во Македонското кредитно биро можат да бидат:
  - банки, филијали на странски банки и филијали на банки од земји членки на Европската унија,
  - штедилници,
  - осигурителни друштва,
  - друштва за финансиски лизинг,
  - други даватели на кредити,
  - друштва за работа со платежни картички,
  - Управата за јавни приходи,
  - Централниот регистар на Република Македонија
  - Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија,
  - градот Скопје и единиците на локална самоуправа,
  - даватели на услуги од областа на комуналните дејности, енергетиката, телекомуникациите и
  - други трговски друштва кои даваат услуги по основ на кои настануваат обврски за правните и физичките лица.
- Давателите на податоци доставуваат податоци за лица кои се однесуваат на обврски по кредити, гаранции, акредитиви, заеми, платежни картички, финансиски лизинг, осигурување, обврски по основ на даноци, обврски за телекомуникациски услуги, обврски за услуги од областа на енергетиката, комунални давачки, такси, придонеси, како и обврски по основ на користење на други услуги.
- Податоците се доставуваат согласно Оперативните правила за видот, формата и начинот на размена на податоци со Давателите на податоци изготвени од Македонското кредитно биро.
- Доставувањето на податоците до Македонското кредитно биро се врши без посебна согласност од Субјектите на податоци.
- Давателите на податоци доставуваат податоци што ги стекнале исклучиво при извршување на своите редовни работи.
- Давателите на податоци ги доставуваат податоците во електронска форма, заштитени на начин така што да не бидат читливи при преносот.
- Доставувањето на податоците до Македонското кредитно биро не се смета за повреда на банкарска, даночна или деловна тајна.
- Доставувањето на податоците се врши без надоместок.

**Давателите на податоци ги доставуваат следните податоци за правни лица:**

- назив и седиште,
- единствен матичен број на субјектот (ЕМБС),
- единствен даночен број,
- вид на обврската,
- износ на обврската,
- вид на обезбедување,
- датум и основ на настанување на обврската,
- рок на пристигнување на обврската,
- денови на доцнење,
- статус на обврската,
- поврзани субјекти (правни лица капитално поврзани со должникот) и
- висина на ануитет или рата.

**Давателите на податоци ги доставуваат следните податоци за физички лица:**

- име и презиме,
- адреса,
- единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ),
- износ и вид на обврските,
- вид на обезбедување,
- датум и основ на настанување на обврските,
- рок на пристигнување на обврската,
- денови на доцнење во исполнување на обврските,
- статус на обврската,
- обврски на субјектот на податоци како жирант, кокредитобарател или солидарен должник и
- висина на ануитет или рата.

## ПРАВА НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ПОДАТОЦИ

- Давателите на податоци кои имаат склучено Договор со Македонското кредитно биро за доставување на податоци, можат да користат податоци и извештаи од Македонското кредитно биро.
- Право на користење на извештаите од Македонското кредитно биро имаат сите Даватели на податоци кои имаат склучено Договор за регулирање на меѓусебната соработка со Македонското кредитно биро, освен Управата за јавни приходи, Централниот регистар на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, градот Скопје и единиците на локалната самоуправа.

## ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ПОДАТОЦИ

- Давателите на податоци се должни да ги преземат сите мерки со цел податоците што ги доставуваат да бидат целосни и точни. Тие не смеат да доставуваат податоци за кои имаат сознание дека се погрешни и/или невистинити, и доколку биле писмено известени од Субјектот на податоците дека конкретниот податок е неточен.
- Давателите на податоци имаат обврска редовно да вршат коригирање и ажурирање на податоците за Субјектите на податоци.
- Давателите на податоци кои по доставувањето на податоците утврдат дека податоците се нецелосни или неточни, веднаш за тоа го известуваат Македонското кредитно биро и ги доставуваат сите корекции на тие податоци или кои било дополнителни информации кои се потребни за податоците да бидат целосни и точни.

## ОСПОРУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

- Доколку Субјектот на податоците пред Давателот на податоците ја оспори целосноста или точноста на податоците доставени до Македонското кредитно биро, Давателот е должен за тоа веднаш да го извести Македонското кредитно биро.
- По приемот на известувањето за оспорување на целосноста или точноста на податоците од Македонското кредитно биро, Давателот:
- Давателот на податоци кој од Македонско кредитно биро ќе прими рекламација:
  - Врши проверка на точноста и целосноста на оспорениот податок;
  - Ги проверува сите релевантни податоци;
  - Во рок од 10 дена од приемот на рекламацијата ги соопштува резултатите од проверката на Македонско кредитно биро:
    - Доколку Давателот на податоците не ја прифаќа рекламацијата и тврди дека податокот е точен, Македонско кредитно биро ја отстранува забелешката „оспорена обврска“ од извештаите и го известува Субјектот на податоците;
    - Доколку Давателот на податоците изврши корекција на оспорените податоци, Македонско кредитно биро ги внесува корекциите во базата на податоци и ги известува Корисниците на податоци кои повлекле извештај за Субјектот на податоците во последни последните 2 месеци, доставувајќи им нов коригиран извештај без надомест;
- Доколку Давателот на податоците не одговори на рекламацијата во определениот рок од 10 дена, Македонско кредитно биро нема да ја објавува оспорената обврска во извештајот, сÊ до добивањето одговор на рекламацијата од Давателот на податоците, а во извештајот ќе стои информација дека обврската (со наведување на нејзиниот референтен број) е во постапка на рекламација кај Давателот на податоците.

  По добивањето одговор на рекламацијата од Давателот на податоците:
    - Доколку Давателот на податоците не ја прифаќа рекламацијата и тврди дека податокот е точен, Македонско кредитно биро ја отстранува забелешката „оспорена обврска“ од извештаите и го известува Субјектот на податоците;
    - Доколку Давателот на податоците изврши корекција на оспорените податоци, Македонско кредитно биро ги внесува корекциите во базата на податоци и ги известува Корисниците на податоци кои повлекле извештај за Субјектот на податоците во последните 2 месеци, доставувајќи им нов коригиран извештај без надомест.

Македонско кредитно биро писмено го известува Субјектот на податоци за прифаќањето, односно неприфаќањето на рекламацијата од страна на Давателот на податоците.

## ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

- Македонското кредитно биро ги чува добиените податоци во период од пет години по исплатата на обврската или затворањето на сметката на Субјектот на податоците.
- Во случај Македонското кредитно биро да престане со работа, податоците се пренесуваат на соодветен медиум кој обезбедува соодветна заштита и се чуваат во Архивот на Република Македонија во рок од пет години од денот на престанокот со работа.